ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 10 Октомври - Ноември 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Свечено одбележани 75 години од ослободувањето на Крива Паланка

Со највисоки почести, Општина Крива Паланка во присуство на повеќе делегации го одбележа 8 Октомври, Денот на ослободувањето на градот.

Во чест на празникот се одржа свечена академија во НУ Центар за култура во Крива Паланка на која беа доделени Осмооктомврсиките признанија и награди за 2019 година.






### Амбасадорот Кристијан Тимоние прогласен за почесен граѓанин на Крива Паланка



Признанието на амбасадорот Тимоние му беше врачено во знак на благодарност од граѓаните на Крива Паланка за повеќегодишната соработка помеѓу Општината и Амбасадата на Франција и за неговото лично залагање и посветеност во продлабочувањето на оваа соработка.

### Андреј Јакимовски одликуван со признание за особени заслуги во афирмацијата на градот




Признание за особени постигнувања и придонес за развој и афирмација на општина Крива Паланка за 2019 година му беше доделена на младиот кошаркар Андреј Јакимовски за посебни заслуги во промоција, афирмација и достојно претставување на општината и државата, во областа на спортот.

## Примариус д-р Сретимир Николовски е добитник на Осмооктомвриската награда за 2019 година

Примариус д-р Сретимир Николовски е добитник на годинашната Осмооктомвриска награда за неговото повеќедецениско работење во областа на медицината.




За својата стручност и посветеност примариус д-р Сретимир Николовски е носител на бројни признанија и сертификати од симпозиуми, конгреси, стручни усовршувања, а се јавува и како автор на 46 научни трудови од различни области на интерната медицина.

Речиси 40 години максимално и се посветува на лекарската професија во Здравствениот дом во Крива Паланка.

## Општина Крива Паланка додели тринаесет стипендии за талентирани ученици и спортисти



Општина Крива Паланка додели 13 стипендии за стипендирање и поддршка на младите таленти -ученици средношколци и студенти од општина Крива Паланка, како и стипендии за спортисти ученици, во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови од основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од РС Македонија за 2019/2020 година.

Стипендиите се во висина од 3.000 денари месечно, а се исплатуваат 9 (девет) месеци во годината.



## Градинката „Детелинка“ ќе добие нов кат

Општина Крива Паланка потпиша договор за реконструкција и надградба на уште еден кат на детската градинка „Детелинка“ во централното градско подрачје.

Висината на инвестицијата е 23.500.000 денари, обезбедени со поддршка на Светска банка, преку Министерството за труд и социјална политика.



## Објектот на детската градинка Детелинка после 40 години со нов лик

Во тек е реализацијата на проектот „Создавање на услови за здрави идни генерации“, со кој е предвидено комплетна замена на столаријата на објектот на детскаат градинка Детелинка и поставување на енергетска термо фасада.

Финасиските средства се обезбедени од проектот „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија“ преку Канцеларијата на Обедните нации за проектни услуги (УНОПС), а вкупната вредност на грант средствата е околу 90.000 долари.



## Изградба на канализација во с.Конопница

Изградена е канализација во дел од с. Конопница во должина од околу 1300 м. покрај патот Штала -А2, со крак кон градските гробишта.

Финансиските средства се обезбедени од Бирото за регионален развој и Буџетот на општина Крива Паланка.



## Изградба на локални патишта во с. Голема Црцорија, с.Трново и с.Конопница

Општина Крива Паланка преку Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура започна изградба на локални патишта во **с. Голема Црцорија**-делница од асфалт маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо во должина околу 3 км, изградба на локален пат во **с. Трново** во должина околу 0,5 км и изградба на локален пат во **с. Конопница** од м.в.Кула (Лиска) до м.в. Стублица кон спој со А2 во должина околу 1,5 км.





## Чистење на пограничниот пат во атарот на селата Узем, Трново и Мала Црцорија

Општина Крива Паланка презеде активности за чистење на пограничниот пат од граничниот премин Деве Баир до тромеѓето на Србија, Бугарија и РС Македонија, во должина од 24 км, во атарот на селата Узем, Трново и Мала Црцорија.
После 15 години извршена е санација на тој дел од теренот, со цел за превенција од пожари како и брза и навремена интервенција на сите служби.



## Општина Крива Паланка воспоставува Реонска комунално редарска служба

За поефикасно извршување на надзорот во спроведувањето на законските прописи и општински одлуки од областа на јавната чистота, Општината Крива Паланка воспоставува реонско функционирање на комуналната редарската служба.

Градот и приградските населби се поделени на три реони во кои секојдневно ќе патролира по еден униформиран комунален редар.

**Сите претставки граѓаните можат да ги достават на отворениот телефонски број 078 30 30 60.**

### Поставен уште еден еко магацин за собирање на електронски и електричен отпад

Како резултат на добрата соработка меѓу Општината Крива Паланка и овластениот колективен постапувач со електронски и електричен отпад, батерии и акумулатори, компанијата ЕЛКОЛЕКТ ДОО , поставен е уште еден еко магацин за одлагање на електонски и електричен отпад.



Еко магацинот е поставен на улицата „Свети Јоаким Осоговски“ , непосредно пред Ветеринарната станица .

*Само оваа година од страна на граѓаните се предадени или одложени над 5 тони на непотребен електричен и електронски отпад.*



## Опремена општинска канцеларија за социјални работи

Градоначалникот Борјанчо Мицевски, заедно со директорот на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гоце Цветковски и претставникот од Министерството за труд и социјална политика, извршија обиколка и увид во завршните активности за опремување и отварање на општинска канцеларија за социјални работи.

Канцеларијата е опремена во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во рамки на проектот „Поблиску до граѓаните“ .



### Во Крива Паланка формиран Општинскиот совет за социјална заштита

Со одржување на првата конститутивна седница во Крива Паланка започна да работи **Советот за социјална заштита .** Советот има за цел да ги мапира социјалните проблеми и ранливи групи, да направи анализа на капацитетот на постоечки социјални услуги и потреби за развој на нови социјални услуги во Општината.

## Градежни активности за подобрување на комуналната инфраструктура



Завршена е санација на монтажен метален мост во нас. Скрљава (на Скрљавски дол), поставена е ограда на пристапна пешачка патека кон м.в. Цонев Рид , како и на пешачки мост на Домачки Дол.



Поставена е калдрма на делови од улиците Осоговска, Моша Пијаде, Ратко Минев како и на пристапот кон мостот во нас. Бегови Бавчи.



### Природата се менува – се менуваме и ние

*Проект на ОО Црвен крст Крива Паланка*

Во рамки на проектот на ОО Црвен крст беа доставени хуманитарни пакети, средства за хигиена и храна, до социјално загрозените семејства и стари и изнемоштени лица. Храната беше приготвена и спакувана од страна на младите волонтери вклучени во проектот, а во соработка со пензионерите – членови на Клубот „Достоинствен живот“.

*Проектот е финасирана со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.*



## Единаесетто издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ по единаесетти пат се оддржа во Крива Паланка. На овогодинешното фестивалско издание беа изведени осум претстави со театри од Македонија, Србија, Хрватска и Бугарија.



## Коле Ангеловски лауреат на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Истакнатиот македонски актер, режисер и сценарист Коле Ангеловски е добитник на наградата за лауреат на овогодинешното издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.



## Шопска софра 2019

Во рамки на манифестацијата „Шопска софра 2019“ пред присутните бројни гости беше презентирано богатството на кривопаланечката традиционална храна, која може да бидат дел од туристичка понуда на Крива Паланка.

Настанот е во организација на Општина Крива Паланка со финансиска поддршка од Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство. Во рамки на проектот издаден е Каталог на традиционални јадења „Шопска софра 2019“.



## Родово одговорно буџетирање

Општина Крива Паланка започна активности за креирање на родово одговорни политики и унапредување на родовата еднаквост во рамки на регионалниот проект за промоција на родово одговорно буџетирање и во соработка и координација со канцеларијата на UN Women од Скопје.



## Крива Паланка повторно е дел од регионалниот проект Спорт за сите

Симон Хеинкеле, претставник од Министерството за економија и развој на Германија, заедно со претставници на ТАКТ и Кошаркарски клуб Крива Паланка оствариja посета на Општина Крива Паланка по повод успешната реализација на регионалниот проект „Спорт за сите“ .

Успехот и резултатите од овој проект придонесоа општина Крива Паланка да биде избрена повторно од ГИЗ како партнер општина и за следна година во рамките на програмата за спорт за развој и спорт за социјална инклузија.



## ЕКО активности по повод 60 години од постоење на СОУ Ѓорче Петров

По повод 60 години од постоење на СОУ Ѓорче Петров – Крива Паланка, а во рамки на ЕКО активностите што ги спроведува училиштето за почиста животна средина се спроведе акцијата на засадување на 60 зимзелени дрвца на три локации и тоа во училишниот двор, на обиколницата кај Осички мост и кај тениското игралиште.